Орце Ѓорѓиевски
Градоначалник
на општина Кисела Вода

НАЈДОБРОТО ДОПРВА ДОАЃА
Орце Ѓорѓиевски



# Ранче и прибор за секое прваче

**И оваа година Општина Кисела Вода обезбеди ранче и прибор за секое прваче на територија на нашата општината.**

Драги родители, среќата е неизмерна, а поддршката за секој нов почеток е обврзувачка за нас.

И оваа година продолжуваме со убавата традиција - секое прваче во Кисела Вода ќе добие квалитетно анатомско ранче и училишен прибор! 👫

👧🧒Околу 600 дечиња од осумте основни училишта на територија на општината, кои годинава за првпат ќе седнат во училишните клупи ќе добијат ранче, тетратки и сè што им е потребно за успешно да го започнат своето образовно патување. ✏️📚✂️📐

✅Проектот што за првпат го започнавме токму кај нас, денес е пример што се прошири речиси низ цела Македонија.

Го креиравме со цел да им дадеме вистинска поддршка на семејствата.

🏫Првиот училишен ден е посебен момент, исполнет со радост, возбуда и гордост и за децата, но и за родителите.

Тој ден треба да остане во сеќавање по детската насмевка, а не по финансиските грижи.

ℹ️Затоа, ги известувам сите родители дека нема потреба да купуваат ранци и прибор.

Нема никакви критериуми, ниту административни процедури - оваа мерка важи за сите наши првачиња!

😊Минатата година имав чест лично да ги доживеам тие моменти – детски прегратки, насмевки и среќа што се памети.

Оваа година очекувам уште повеќе радост!

🇲🇰Влогот во најмладите е влог во иднината на Македонија!